# CREATION AND CREATIONAL CATEGORIES

**Lulzime Latfiu Kadriu**
University of Tetovo, North Macedonia, lulzime.kadriu@unite.edu.mk

**Abstract:** Creation is a process aimed to be learned. Its fundamental goal is observation. Appropriate observing is a powerful tool for effective creation. From observation to learning is possible to get trough creation or called divergent production. First step is live observing towards objective reality, which should be observed with all feeling and senses, to become clear, understanding, exploring, afterwards, the view (aspect) is defined. In addition to the previously said, it is complex due to its manifestation nature to be shown in different levels (the level of product, like an output of the creation, level of the creation process and the level of the person who creates). The creation potential of a person is affected by cognitive as well as the connotative sphere, those aspects united into creation section or process are giving creation effects. (Shefer 1992:37). In this work the subject of interest and research are the fundamental principle of creation categories, their meaning and values within the educational institutions' trough realization of educational occupation as well as the environmental contribution from it.
The creation as a process helps for observation and the other activities, successfully perception of the reality, to split important from unimportant, to become critical etc. In nutshell this shows that creation as a complex process is constituted from particular categories which according to psychologist, pedagogy and philosophers are the basic categories:
- Creation process
- Creation products (outputs)
- Creation person
With the assistance of the observation, creation person is composing creation products due to the final creation product to be made it is necessary to go through creation process where problematic situation is present, where new, non-structured way where the creation person is trying to give solution to it, where the most successful and effective way is by observing.
There the relations are realized where cannot be seen on first sigh. For every observation it is necessarily to set a goal, where must be understanding and research. The process of creation like a primary creation category it is finished with the idea of the last goal from the work- the creation product. It is becoming view able, touchable and hearable like a creation masterpiece. With the realization, the idea with its dimension of the innovation gets environmental meaning and value.
**Keywords:** creation, categories, observation, creation work, creation process, creation person.

# ТВОРЕШТВОТО И ТВОРЕЧКИТЕ КАТЕГОРИИ

**Лулзиме Лутфиу Кадриу**
Универзитет во Тетово , Република Северна Македонија, lulzime.kadriu@unite.edu.mk

**Резиме:** Творештвото е процес кој се учи. Основа на творештвото е набљудувањето. За ефективно творештво важно е правилно набљудување. Од набљудување преку знаење се доаѓа до творештво т.е. до дивергентна продукција, Најпрво се тргнува од живо набљудување, на објективната реалност која треба да се набљудува со сите чувства, и да биде јасно, разбирливо, истражувачко, потоа да се дефинира гледиштето (аспектот), насоченоста. Творештвото, како што е кажано, е сложен поим затоа што се манифестира на повеќе нивоа ( ниво на продукт, како последица од творењето, ниво на процесот на творење и ниво на личноста која твори ). Творечкиот потенцијал на личноста ја зафаќа и когнитивната и конативната сфера , коишто токму обединети во творечка секција или процес можат да даваат творечки ефекти. (Šefer 1992:37). Во нашиот труд предмет на истражување се основните творечки категории, нивното значење и вредност во рамките на воспитно–образовните институции при реализација на образовната дејност како и нивниот продонес во опсштеството . Творештвото помага при набљудувањето како и при другите активности, поуспешно да се согледува реалноста, да се одвои битното од небитното, да се оствари поголема критичност и сл. Значи сето ова ни укажува дека творештвото како комплексен процес се состои од одредени категории кои според психолозите, педагозите и филозофите се основни категории, тоа се :
– творечки процес ;
– творечки продукт (производ ); и
– творечка личност.

Преку наблудувањето творечката личност твори, создава творечки продукт, но за да се дојде до творечкиот продукт неопходно е да се помине низ творечкиот процес во кој процес имаме проблемска ситуација, која се согледува на нов, неструктуиран начин и за која се очекува творечката личност да ја решава , а тоа најдобро и најуспешно се реализира преку процесот на наблудување . Се откриваат односи кои на прв поглед не можат лесно да се забележат. За секое набљудување однапред се поставува цел, која во основа има сфаќање, разбирање, и истражување. Творечкиот процес како основна творечка категорија завршува со изведување на идејата како крајна цел на творечката работа – творечкиот продукт . Во таа завршна фаза идејата се екстериоризира односно се остварува. Таа станува видлива, чујна, опиплива како творечко дело. Токму со остварувањето, идејата по својата димензија на иновација добива општествено значење и општествена вредност .

**Клучни зборови:** творештво, категории, наблудување, творечко дело, творечки процес, творечка личност .

## 1. ВОВЕД

Творештвото е иманентна функција на современиот човек. Само со творештво човекот може себе си и на другиот да му подари духовно и материјално богатство. Човекот без творештво е непотполна личност, тоа е човекова егзистенцијална потреба и интелектуална инвентивност. Човекот се потврдува во работата и творештвото преку пособност да се најдат нови и оригинални решенија.( Stefanović, Marko, 2003:139). За креативност не се доволни само талент, способност и знаење. Творештвото многу наликува на жив организам. За да достигне полн потенцијал, потребно е да се храни и да се негува. Луѓето кои творат-создаваат имаат жешка страст којашто ги тера да го остваруваат неостварливото. Мораме да сфатиме дека речиси секоја славна личност поминала часови и часови проучувајќи одредено поле. Со изразот „величината претставува резултат од посветеноста и знаењето“ може да се опише речиси секој креативен човек.(Dorthy,2005:8). Тие луѓе им пристапуваат на нештата на нов начин. Творештвото не е она што го работат тие, таа е начинот на кој го работат тоа .

Основен услов за развивање на творештвото е доброто познавање на учениците и наставниот план и програма. Од овој општествен документ точно ќе се предвидат содржините кои учениците сами ќе ги креираат со заедничка, соработничка работа и на кои начин ќе се презентираат стекнатите искуства. Се тоа треба да се програмира во годишните ( макро) месечните (оперативни), неделни и дневни (микро) планови. Целата ова прва и најважна активност во творечката настава се изведува тимски, колективно, заедно со учениците. Материјалот од учебниците треба да се разгледа критички и креативно, да се пронаоѓаат нови техники на изложување, поинаков пристап на дадените податоци и сл. Но, за да се постигне ова, неопходно е пред се да се осигура оптимална мотивација на наставниците и учениците. (Stefanović, Marko, 2003:78,203 ).

На учениците потребно е почесто да им се даваат прилики за набљудување. Треба да се набљудуваат што при почести нештата кои по својата природа оставаат впечатоци на нас, посебно впечатоци на уметничка работа, толку ќе бидеме поприменливи за тие впечатоци. За творештвото посебно значајно е ако набљудувањето го следат и емоционални доживувања. Предметот за набљудување треба да се постави како проблем. Токму тогаш набљудувањето ќе биде во функција на творештвото. Тоа претходи на формирањето на хипотези, проверување и изведување на заклучоци. набљудувачката способност посебно е значајни за уметничкото создавање.

## 2. ЗНАЧЕЊЕ НА ТВОРЕШТВОТО

*„Умот не е сад што треба да се наполни, туку оган што треба да се запали.“*

Плутарх

Творештвото е начин на изразување на одредена личност. Срце, ум, тело, душа, вештина = творештво . Со творештвото човекот се покажува и се докажува. Внатрешната мотивација овозможува потполност на личноста, лично задоволство, среќа, ширина на погледот, верба во сопствените можности, со што се создаваат услови за изградување креативни ставови и создавање творечки производи. Најсилна мотивација за творечката работа е тенденцијата за актуелизација на сопствените потенцијали. (Stefanović, Marko, 2003:41-53) .

Општественото значење на творештвото подразбира решавање на општествени барања во поглед на реализирање на целото воспитување-изградување на сестрано развиена хуманистичка личност. Таквата личност ( творечка личност ) се одликува не само со солидно знаење, туку и со богатство на мисли, акции, секогаш е наклонета на создавање на нешто ново, оригинално, duховито. Тоа е самостојна истражувачка насочена, критички расположена. Значењето на творештвото се гледа од повеќе аспекти и тоа: естетско значење, интелектуално значење и културолошко значење .

<u>*Естетско значење*</u> - се огледува во тоа што произведува, посебно во некои случаи, набљудуваат првенствено од естетска гледна точка. Креативноста е со ослободувачки карактер. Тоа ја ослободува свеста и мислата на ученикот .
<u>*Интелектуално значење*</u> - творештвото е во директна врска со стекнувањето на знаење. Колку знаењата на поединецот се побогати, толку неговото творештво ќе биде поразновидно и поплодно. Знаењето, како облик на интелектуални способности, дирекно влијае на творештвото, но и самото творештво допринесува за нови откритија и разни начини за стекнување на знаење.
<u>*Културолошко значење*</u>- творечките дела ( уметнички, научни,технолошки, практични, иновативни) ги поврзуваат луѓето, народите, земјите.

## 3. ТВОРЕЧКИТЕ КАТЕГОРИИ

Психолозите, педагозите и филозофите кои го проучуваат проблемот на категориите на творештвото, разликуваат главно три основни категории во творештвото :

– творечки процес;
– творечки производи; и
– творечка личност.

Творечкиот процес е централно прашање на творештвото. Тој ги поврзува личноста и делото. Творечкиот процес се однесува на откривањето и развивањето на нови производи. Делото е финален ефект на личноста и процесот. Творечкото дело, личноста и процесот означуваат единствен и нераздвоен систем на човековата егзистенција. Творечката личност е главен двигател за наставникот на некое дело.




***Слика бр 1.***

Творечките личности можат потполно да ја разберат ситуацијата и се подготвени да разгледаат нови можности. Нивните убедувања се смели и тие се подготвени да доживеат неуспех, долго да чекаат пред да бидат наградени за своите достигнувања. Ги краси упорност и подготвеност долго да работат без оглед на препреките и отпорот.
Творечката личност условува творечки процес, на процесот повратно делува на поединецот. Процесот доведува до производ, но и производот (делото) влијае на процесот. Не само дека личноста делува на производот туку и производот на многу различни начини влијае на поединецот било во општествен, материјален, културен и научен поглед. (Stefanović,Marko,2003:.251).




***Слика бр. 2. Меѓузависност на влијанието на категориите во творештвото***

### 3.1. Творечка личност

*„На генијалниот човек му се воодушевуваат, на богатиот му завидуваат, од моќниот се плашат, но единствено на човекот со личност луѓето му веруваат.“*

(Fridman)

Човекот во својот филогенетски развој поминал низ неколку фази, и тоа: homo sapiens (свесен); homo faber (се служи со алат); и homo creator (творец, креатор). Креативни можат да бидат сите луѓе, без оглед на професијата. Не признавајќи ја можноста дека сите луѓе се креативни, доаѓаме во опасност да изгубиме скапоцен, а во некои случаи и спасоносен талент. Односот помеѓу општата интелигенција и креативноста и понатаму е контроверзен. (Stefanović, Papotnik, Gumzej 2002:122,121). Креативноста зависи од тоа како го доживуваме светот, од тоа колку познаваме одредена област и од нашата љубопитност . Креативните личности непрестано трагаат за стимулација и возбудување. Креативните луѓе не се секогаш објективни. За да ги тестираат своите идеи, тие често мораат да го остават настрана своето его и да се консултираат со колегите. Освен тоа, тие имаат силна мотивација, нагон и изразени духовни потреби. Творечките настојувања даваат внатрешно задоволство и предизвик. Ако сме способни да го препознаеме креативниот потенцијал на некој човек и сме подготвени да го поддржиме, од него би можеле да очекуваме врвни достигнувања. Организациите пречесто наметнуваат ограничувања коишто ја попречуваат личноста да пронајде решение за сложените проблеми, да измисли нов производ, да истражува или да создава уметнички и музички дела. Ограничувањата се вградени и во образовните системи коишто се држат до традиционалните принципи на учење и не ја земаат предвид нашата творечка интелигенција. За среќа, творечките поединци самите извлекуваат заклучоци од податоците коишто ги проучуваат. Тоа им помага да ги разберат сложените процеси и правилно да просудат како да продолжат со истражување . (Alan 2008:17-61) . Творечката личност е секогаш „немирна“ личност. Таа никогаш не чека готови решенија, има перманентен „интелектуален немир“ (Петрова-Јовановска 2001: 39). Може да се каже дека креативните личности се интровертни, понекогаш порадикални, повеќе самите себеси се доволни. Креативните ученици, посебно оние кои се уметнички надарени, поемотивни, покажуваат индивидуализам во однесувањето. Покажуваат изолираност од социјалната околина.

Творечките личности обично се слабо заинтересирани за практични и конкретни аспекти од животот, ситни детали и факти, а ги интересираат значењата, импликациите и симболите на нештата и идеите. Вербално се повешти, се стремат за комуникација и се отворени кон новото искуство .

Творечката личност не може да престане да работи, бидејќи не може да престане да мисли. За неа нема поголемо задоволство од работата во која може да ги употреби своите креативни сили. Творештвото бара чувствителност и независност. Во нашата култура, чувствителноста се смета за женска особина, додека независноста е машка особина. (Stefanović, Papotnik, Gumzej 2002: 78-79, 81) . Можеме да очекуваме креативно момче да има нешто од особините со кои обично се одликуваат девојчињата, а особено креативно девојче да има нешто машко во себе, но факт е дека многу деца ја жртвуваат креативноста за да бидат „вистински“ момчиња или девојчиња.

#### 3.1.1. Својства на творечката личност

Во 21 век, во условите на пазарна економија, на сите полиња на животот е треба да им се даде соодветен простор за креативните личности, коишто имаат неконвенционален приод и богата имагинација, добро развиени способности за истражување, создавање, меѓусебно конкурирање, решавање специфични проблеми со изнаоѓање оптимални варијанти, придонесување за прогресот во економски, технички, социјален и духовен однос. (Тодорина,2002:48) . Како основни својства на творечката личност авторите ги наведуваат:

- Успешна личност;
- Мотивирана од потребата за работа;
- Љубопитна;
- Доминантна;
- Отфрла притисоци, незначително инхибирана, помалку формална, помалку конвенционална;
- Упорна, сака работа, самодисциплинирана;
- Независна и автономна;
- Критички конструктивна;
- Широко информирана;
- Отворена за чувства;
- Естетска во личните судови (проценки);
- Може да се приспособи на вредностите на своето опкружување;
- Може да изрази женски (машки) интересирања без чувство на вина;

– Има потреба да се ангажира во социјални интеракции;
– Ангажирана во самоисполнување и самоизведување . ( Đorđević, 2005: 56 ).

**3.2. Творечки процес**

Творечкиот процес е категорија којашто се учи како и секој друг процес. Таквиот процес е сложена когнитивно-афективна и психомоторна активност. Знаењата за творештвото се битна претпоставка дека ќе се успее и под услов трпеливо да се работи, тие помагаат да се осмисли процесот на творештво во сите негови димензии. За успех во творештвото, активноста на личноста доаѓа на прво место, а не надареноста како што се мисли понекогаш. Наследните особини се важни само за воспоставувањето на почетната мотивација . За развојот на кој било талент, на почетокот е важна поддршката и охрабрувањето од околината. Зависно од цивилизациските развојни нивоа, а ништо помалку и од одделни идеолошки струења, придавани му се најразлични значења и се толкувале одделни детали во творечкиот мозаик . ( Đokić , 2007: 27 ) .

Творечкиот процес ги ангажира сите сфери на личноста на поединецот (спознајна, емоционална и социјална), претставува услов и цел на развојот на личноста. Тој навлегува во сите воспитно-образовни подрачја (интелектуално, естетско, работно, етичко, рекреативно итн.), што значи дека во себе вклучува и многу други воспитно-образовни цели, дури и оние кои во ова дело експлицитно не се споменуваат. Творецот најчесто е мотивиран да ги вгради своите нестереотипни и нови идеи во културното богатство на општеството во кое живее. Покрај природната потреба на единката да придонесе за општеството и да се афирмира себеси пред другите, творечкиот процес ѝ овозможува да се самоактуализира согласно со своите внатрешни автономни потенцијали, потреби и интересирања.(Šefer,1992:16-17). Значајна компонента во творечкиот процес е психолошката слобода. Поединецот има слобода да мисли, да чувствува, да биде она што е најдлабоко во себе. Таа ја забрзува отвореноста и спонтаното комбинирање на забележувањата, замислите и значењата, што е дел од творештвото .

Општата шема на креативниот процес може да ја има следнава содржина :

1. Когнитивни способности: откривање, препознавање, сфаќање разбирање. Активности коишто се засновуваат на овие процеси се: општа љубопитност, барање за сфаќање на причините, подготовка за повторно откривање.

2. Конвергентно мислење: едукација за нови идеи и релации, различни способности за резонирање, редефиниција, трансформација, откривање најдобри или конвенционални решенија и импровизација. (Stevanović , 2003:119-224) .

За тоа како тече творечкиот процес постојат релативно различни и независни мислења.

Некои автори истакнуваат дека идеите се јавуваат веднаш самите по себе и дека нема никаков „процес“ претходно.

Други истакнуваат дека творецот не е свесен за настанувањето на идејата .

Трета група автори говорат за само една активност, во смисла да се почувствува потребата нешто да се изрази (направи).

Сепак, се издвоиле прилично јасни ставови за ова прашање. Утврдени се фази, коишто не се цврсто одделени една од друга, ниту, пак, мора сите фази да бидат застапени. Различна е и должината на нивното траење кај одделни творци.

Како прва фаза обично се наведува перцепцијата. Тоа е подготовка, откривање идеи, увидување на проблемот, истакнување задачи . Постои општ план што би требало да се направи (истражи), којшто понатаму се дели на делови (потесни проблеми), се врши расчленување на главниот проблем. Потоа се бара модел за трагање. Ако е во прашање книжевност , тогаш во оваа фаза се согледуваат ликовите, местото и времето на дејството, основната ( можна ) структура на делото и сл.

Инкубацијата е размислување за проблемот, иако понекогаш ни самиот творец не е свесен за тоа. Тоа е несвесна работа. Од потсвеста, којашто сега е вклучена во актуелноста на решавањето проблеми, треба да се очекуваат поволни решенија. Тоа е фаза, навидум, само на мирување, но во неа се одигруваат бурни реакции. Идеите се раѓаат, се средуваат, созреваат, се отфрлаат, се трансформираат, се селектираат и се создаваат т.н. несвесни процеси коишто имаат одлучувачка улога во творештвото. Тие претставуваат најбитна подлога на она што ќе дојде подоцна, а тоа е појавата на решение.

Илуминацијата е осветлувањето на проблемот. Благодарејќи на делувањето на потсвеста и правењето многу комбинации, се дошло до спасоносно решение, „доживување аха“. Решавањето изгледа како да дошло неочекувано, одненадеж. Личноста на творецот е проникната со воодушевување. Нејзиниот труд сега е награден, решение е пронајдено: „Еурека“. Откриените решенија треба да се проверат. Тоа е фаза на проверување или верификација. Сега се проверува замислената хипотеза, се врши ревизија на идеите. Со ова е заокружен творечкиот процес. Се тргнало од формирање и развивање на проблемот и креативно

согледување на стварноста, со изработка на модели за трагање, конструкција и измислување, до откритие и проверка на вредноста на она што е создадено. Понекогаш резултатите не може веднаш да се проверат, но тоа творецот не го попречува во неговите понатамошни творечки напори . ( Stefanović 1977: 47 ) .

Во сите етапи-фази и компоненти на творечкиот процес централно значење добива начинот на дејствувањето, којшто се одликува со оригиналност и иновативност.

Оригиналност (origo ‘почеток, зачеток’) означува создавање (раѓање, произведување) идеи коишто статистички се ретки, на кои, колку што е познато, никој порано не можел да се сети. Според повеќето автори, елементи на оригиналноста се овие: пронаоѓање нешто ново и необично, пронаоѓање далечни решенија коишто се резултат на креативна генерализација, способност за предвидување нови идеи, откривање нови значења на поимите, изведување нови креативни идеи, творечка фантазија, отвореност на искуствата, флексибилност на мислењата, флуентност, чувствителност за проблеми, развивање проблеми и елаборација ( Квашчев 1977: 9-39 ) . Развивањето оригинални идеи е поврзано со создавањето нови научни и уметнички дела. Тука се вбројува и создавањето нови зборови, поетски украси и стил на пишување.

Иновативноста во творечката дејност на ученикот се изразува не толку во создавањето нови начини на решавање проблеми, колку во своевидната комбинација на веќе познатите начини на дејствување, или во откривањето непознати начини во познатите комбинации што ученикот ги користи. Според тоа, актот на творештвото на учениците се состои во соодветно комбинирање, воопштување аналогни, веќе познати постапки и дејствија, како и нивно самостојно пренесување во наполно нови услови за решавање нови проблеми. ( Дамјановски 1989:118, 119) .

Творците застануваат во моментот кога се задоволени нивните критериуми. Со самото тоа што се творци, нивните критериуми се лични, а не имитаторски. Интересно е дека голем дел од сите критериуми се со естетска природа. Лесно е да се сфати дека сликарот или писателот употребуваат критериуми како што се симетрија, економичност во истражувањето, елеганција, хармонија или спротивни на нив. Поголемо изненадување, можеби, претставува објаснувањето на физичарот според кое неговата теорија е точна затоа што е „елегантна“.

### 3.3. Творечки производ

*„Колку идеи лебдат разлеани во мојата глава, а кога многу од нив би успеале да се здружат, би се создале блескави откритија.“*

Георг Кристофер Лихтенберг

Творечкото дело / чин / производ може да биде уметничко, научно, технолошко, производно, практично. Уметничкото дело не е ни звук, ни боја, туку нешто побитно од тоа. Делото не се забележува во околината туку во неговата внатрешна самостојност, структура единственост. (Stefanović, Marko, 2003:61).

Личноста на творецот живее за делото што го креира. Таа се предава со целото свое битие за она што го создава. Оттаму е разбирливо што творештвото исцрпува, што бара цела личност, многу лични одрекувања, непреспани ноќи, голема волја, енергија и упорност. Креативноста се остварува само врз основа на сопствено залагање. Никој не може да учи и да креира за друг . (Stefanović, Papotnik, Gumzej 2002:98). Значителен број креатолози го дефинираат творештвото како изработка на оригинален производ којшто има одредена пазарна вредност и општествено признание. Тоа мора да биде новина во рамките на општеството, со можност за примена. Меѓутоа Стевановиќ смета дека творештвото не мора секогаш да биде нов производ, колку што е битно поединецот да поврзува дотогаш неповрзани работи, да постигнува нешто изненадувачко и неочекувано (а толку едноставно), работата да е промислена и за поединецот да претставува радост и задоволство. Во сето тоа е важно чувството на задоволство од создавањето. Тој производ може да има духовна или материјална вредност . До творечки производ доаѓаме:

– Со одбирање, со селекција со издвојување, со нагласување;
– Со дисциплина, со насочување;
– Со обиди да се произведе нешто важно, да се дојде до чувство и „еурека“ – откритие.

Создавањето се одвива на две нивоа:

– Глобално (макро, општо, генерално); и
– Прецизност, едноставност.

Во продолжение ќе ги наведеме и функциите на творечкиот производ преку следната слика бр.3




***Слика.бр. 3. Функции на творечкиот призвод***

Во наставната работа тешко е да се одреди и да се дефинира творечкиот производ. Тој не се содржи во оценката којашто ја добива ученикот за своето знаење, туку се наоѓа во методичкото творештво на наставникот. Тоа се огледува во реалната неповторливост на наставниот процес и доведување на ученикот во позиција на субјект, и тоа во сите етапи на наставната работа. Тоа е учење со истражување, со откривање и со решавање на проблемите по пат на индивидуални, партнерски и групни активности.
Големо е значењето на вежбањето на способност за набљудување „ Од набљудувањата поттикнуваат најголем дел од нашите предочувања од кои ние со апстракција ги стекнуваме сите наши искуствени поми. Колку поточно и попотполно набљудуваме, толку поверно и постоечно ќе работи нашето помнење "(Fiker, 1039,28) P. Fiker понатаму наведува:„ кој во набљудувањето ќе стекне објективност, тој полесно ќе биде објективен во своето делување според сеќавање, во своите изрази и својот суд. (Stevanović 2003:68-77,247 ).
Сосема извесно е дека личностите со побогати идеи ќе имаат поголеми творечки можности. Во процесот на наставата можат да се спроведуваат многу практични вежби на овој план. Така може да се истакне целта на часот, а потоа да се бара од учениците да наведат идеи за кои претпоставуваат дека ќе бидат обработени во новиот материјал.

## 4. ЗАКЛУЧОК

Како што креативноста повеќе се сваќа како процес а не како ефект (готов производ) , така институционалната едукација има потреба да ги редефинира образовните програми / содржини и стратегии , а кои првенствено ќе го развиваат кај ученикот/ студентот не зависат и самодоверба, креативни ставови, мотивирање за истражување, љубопитност и отвореност за нови искуства, независност и отвореност за нови искуства, независност во мислењето , општа потреба за успех, антиципација на задоволство со истражување.
Во воспитно–образовните институции во рамките на наставниот процес преку реализирањето на курикулумот треба да се осигура учење за антиципирање на нови идеи и решенија, пронаоѓање на оддалечени релации, духовитост на одговори, стремеж спрема неконвенционално решавање на проблеми , откривање на нови значења на податоците, развивање на оригинални идеи, поставување и верифицирање на разни творечки хипотези, развивање на дивергентен сознаен стил, отвореност спрема ново искуство и сл. (Stefanović, Marko, 2003:37). За успешно реализирање на гореистакнатото најоголем придонес се постигнува преку процесот на творештвото односно творечките категории особено творечката личност „ homo creator" кој преку творечкиот процес создава творечко дело. Творечката личнос како основна творечка категорија секако претставува основа и неопходност на општеството во кое живееме а не насочува кон потребите за создавање на "Homo-futuri" (човек на иднината) кој ќе биде оспособен и ќе решава интелектуални и творечки проблеми со таква брзина која до сега не познавал . Иднината ќе бара нов пат на човек, а за таа улога треба да се припреми.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Alan D`. Rou (2008). Kreativna inteligencija. Београд: Clio.
Алис М. (1968). Креативност во наставата. Сараево : Светлост. Дамјановски А. (1970). Креативноста нејзиното поттикнување и формирање кај децата. Одбрани трудови. Скопје: Просветно дело .
Дамјановски А. (1989). Ученикот во наставата. Скопје: Просветно дело.
Đorđević B. (2005). Darovitost i kreativnost dece i mladih. Tuli : Vršac.
Djokić Z. (2007). Kreativni proces i psihoanaliza -eseji-. Beograd : Dereta.
Einon D. (2005). Igre stvaralice za djecu 2-5 godina. Zagreb: Nacionalna i sveučilišna knjižnica.

Квашчев Р. (1977). Како да се развијат творечки способности. Белград .
Петрова - Јовановска М. (2001). Надареност и креативност. Просветно дело год. LIV бр. 1. Скопје.
Stefanović M., Papotnik A., & Gumzej G. (2002). Stvaralačka i projektna nastava. Pula: Letis.
Stevanović M. (1997). Edukacija za stvaralaštvo. Varaždinske Toplice: Tonimir.
Stevanović M. (2003). Kreatologija, znanosti o stvaralaštvu vrtić – škola - fakultet. Rijeka: Digital point.
Stevanović M. (2003). Modeli kreativne nastave. Rijeka: Andromeda .
Stevanović M. (2003). Interaktivna stvaralacka edukacija. Zagreb. Rijeka: Andromeda.
Тодорина Л., Д. (2002). Улогата и квалитетите на наставниците и родителите во процесот на работа со надарените ученици. Педагошка практика. Година - 1. бр. 1. Скопје: Бис графика.
Тодорова-Цвеиќ, И. (1992). Демократизацијата на општеството и автентичноста на личноста на ученикот. Општествено-демократските промени и нивното влијание во сферата на воспитанието и образованието. Скопје: Просветно дело. 54.